**Научно-истражувачки проект:**

# ЛИТЕРАТУРОЛОШКИТЕ И КУЛТУРОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА И НИВНАТА ФУНКЦИЈА ВО ОСПОСОБУВАЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ ИДНИ НАСТАВНИЦИ

**Истражувачки тим:**

**Главен истражувач:** проф. д-р Виолета Димова

**Учесници во проектот:** проф. д-р Луси Караниколова–Чочоровска, проф. д-р Ранко Младеноски, Сања Велкова, Делфина Николенко, Пацка Тасева.

## I. Предмет на истражување:

Предмет на истражување на овој проект е улогата и влијанието на литературолошките и културолошките сознанија што ги стекнуваат студентите за време на студирањето и нивната практична примена во наставата по литература во средното образование. Теориските истражувања на полето на семантиката и менталитетот на книжевните ликови се добра основа за поттикнување на поголема креативност кај студентите – идни наставници при креирањето на наставниот час, а од друга страна се супстрат за создавање таква наставна методологија која ќе овозможи стекнување соодветни генерички и предметно-специфични компетенции кај студентите и постигнување соодветни емотивно-сознајни цели кај учениците.

Во проектот ќе бидат вклучени одреден број студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет на УГД, а целна група на истражувањето, покрај студентите, ќе бидат и учениците од гимназиските паралелки во Штип.

Преку откривањето на семиолошките аспекти на книжевниот лик низ примери од македонската проза и низ откривањето на елементите на традицијата, како белег на менталитетот врз примери од раскажувачката проза во јужнословенските литератури ќе се истражува и потребата од анализа на постојните наставни програми по предметот Македонски јазик и литература и нивно дополнување/изменување во согласност со потребите за оспособување на учениците за попродлабочено навлегување и разбирање на суштината на книжевниот текст. Влијанието на литературолошките и културолошките истражувања ќе се анализира преку четири романи од македонската литература и тоа: 1. Романот „Скакулци“ од Петре М. Андреевски; 2. Романот „Дублер“ од Димитар Солев; 3. Романот „Бајазит и Оливера“ од Драги Михајловски; 4. Романот „Гаргара“ од Игор Станојоски, но и преку четири раскази од јужнословенските литератури и тоа: 1. Расказот „Жената на покојникот“ од Бора Станковиќ; 2. Расказот „Ilustrisimus Batorich“ од Ксавер Шандор Ѓалски; 3. Расказот „Мартин Крпан“ од Фран Левстик; 4. Расказот „Дедо Добри“ од Илија Блсков.

Проектот предвидува изработка на проектни задачи од страна на студентите со примена на семиолошкиот метод и методот на интеркултурна комуникација кои ќе бидат поставени на Интернет. Анализата на генеричките и тесно стручните компетенции на испитаниците по совладувањето на техниката за изработка на проектните задачи ќе ни покаже до кој степен експлицитните инструкции може да го подобрат нивото на изучувачите и нивните способности за практична реализација на наставните часови со учениците. Проектот ќе опфати изработка на инструменти за

оценување на генеричките и тесно стручните компетенции на испитаниците и анализа на придонесот на поставените проектни задачи за подобрување на компетенциите на изучувачите – идните наставници по македонски јазик и литература. За да бидат достапни до поширокота јавност, добиените резултати ќе бидат објавени во книга и ќе се организира собир за сите заинтересирани страни во Република Македонија за подобрување на наставата помакедонски јазик и литература.

**II. Цели на проектот:**

Овој проект има две главни цели:

1. да ја истражи функцијата на литературологијата и културологијата како важни компоненти во образованието на студентите на филолошките факултети;
2. да ја истражи и да ја докаже нивната улога во високото образование како основа за создавање функционални методички постапки за остварување на генеричките и особено предметно-специфичните компетенции на судентите, идни наставници по предметот Македонски јазик и литература.

Поконкретно, проектот ќе го истражува следното:

3. откривањето на семиолошките аспекти на книжевниот лик низ примери од македонската проза;
4. откривањето на елементите на традицијата, како белег на менталитетот врз примери од раскажувачката проза во јужнословенските литератури;
5. ќе се истражува и потребата од анализа на постојните наставни програми по предметот Македонски јазик и литература и нивно дополнување/изменување во согласност со потребите за оспособување на учениците за попродлабочено навлегување и разбирање на суштината на книжевниот текст.

**III. Реализација на проектот:**

Проектот ќе се одвива во следните фази:

**1. Разгледување на досегашните истражувања** во врска со семиологијата на книжевниот лик и со традицијата, како еден од елементите на менталитетот, од литературно-теориски и културолошки аспект, како и од аспект на наставната методологија. Анализата на досегашните истражувања од овие области, особено од областа на наставната методологија ќе ни овозможат да ги дефинираме елементите коишто изучувачите треба да ги усвојат за да можат соодветно да ги применуваат во практиката, заедно со учениците.

**2. Креирање на инструменти соодветни за оценување** на општите познавања на студентите од теоријата на литературата во однос на книжевните (наративни) текстови и конкретно во врска со нивните способности за откривање на семантиката на ликот во книжевно-уметничкиот текст. За определување на општите знаења од теоријата на литературата ќе се користат текстови за студентите, а во врска со применливоста на постигнатите попродлабочени знаења, студентите ќе добијат задача да направат скица/план на час кој ќе треба усно, во првата фаза од истражувањата да го изложат пред своите колеги. Нивното излагање ќе биде снимано на касетофон.

**3. Избор на студенти-учесници во проектот**: Сите студенти ќе ги направат тестовите во врска со општите познавања од теоријата на литературата. Резултатите од тестирањата ќе ни го покажат општото ниво на испитаниците, па така од сите студенти ќе избереме една помала група од 5 до 7 студенти кои ќе бидат дел од Проектот во наредните две години. Учесници во Проектот ќе бидат и учениците од Гимназијата „Славчо Стојменски“ од Штип за кои, исто така, ќе бидат изготвени анкети во врска со

нивните впечатоци и искуство кое треба да го стекнат со прифаќањето на семиолошкиот и културолошкиот пристап кон предвидените дела за интерпретација на часовите по литература и кон други литературни дела што се надвор од Програмата.

**4. Определување на генеричките и предметно-стручните компетенции** кои ќе бидат предмет на истражување: Во оваа фаза ќе ги издвоиме оние карактеристики на формулирање на горенаведените генерички и предметно стручни компетенции, со кои студентите треба да се здобијат со реализацијата на наставните часови, преку примена на оние методички постапки што ќе произлезат од здобиените знаења од теориски и културолошки аспект.

**5. Креирање модули на е-учење** за оспособување на студентите, идни наставници за примена на методи и методички постапки со кои ќе се реализира целта на проектот за здобивање на идните наставници со генерички и предметно стручни компетенции.

**6. Упатување на студентите-учесници во проектот** и креирање на временска рамка во која тие ќе треба да ги изработат модулите поставени на е-учење. Нивната работа се очекува во најголем дел да биде самостојна. Но, ќе бидат предвидени и неколку заеднички сесии на кои ќе се разгледува тековната работа, проблеми до кои може да дојде, нивните сугестии и сл.

**7. Определување на инструментите за евалуација** на генеричките и предметно-стручните компетенции на изучувачите по изработката на модулите. Целта на инструментите кои ќе бидат употребени во оваа фаза ќе биде да се испита до кој степен модулите поставени на е-учење придонеле за: а) подигнување на свесноста на изучувачите за значењето на примената на современите методички постапки во однос на резултатите од нивната практична примена на часовите по литература во средните училишта; б) развивање на генеричките и предметно-стручните компетенции на изучувачите.

**8. Издавање на книга** во која ќе се опишат резултатите и искуствата од истражувањето. Стекнатите искуства ќе бидат посебно значајни за лицата вклучени во образованието, односно и за креаторите на наставни програми, и за изведувачите на наставата.

**9. Сумирање на резултатите од проектот и негова дисеминација**. За оваа цел ќе биде организиран собир за сите заинтересирани страни: МОН, Бирото за развој на образованието, Националната агенција за високо образование, катедрите по македонски јазик и книжевност при универзитетите во Република Македонија, како и други домашни и странски институции поврзани со образованието.

## IV. Временска рамка за реализација на проектот

Активностите ќе бидат распределени во следнава временска рамка:

**Месеци 1-6:** Разгледување на досегашните истражувања, креирање на инструменти за евалуација на општите познавања на студентите од теоријата на литературата во однос на книжевните (наративни) текстови и конкретно во врска со нивните способности за откривање на семантиката на ликот во книжевно-уметничкиот текст и избор на студенти-учесници во проектот.

**Месеци 7-12:** Определување на генеричките и предметно-стручните компетенции на изучувачите и креирање модули на е-учење.

**Месеци 13-18:** Изработка на модулите на е-учење од страна на студентите и определување на инструменти за нивна евалуација.

**Месеци 19-24:** Издавање на книга и организација на собир.

**V. Очекувани резултати и нивна примена:**

- Изработка на студија за функцијата на литературологијата и културологијата како важни компоненти во образованието на студентите на филолошките факултети и нивната улога во високото образование како основа за создавање функционални методички постапки за остварување на генеричките и особено предметно-специфичните компетенции на судентите идни наставници по предметот Македонски јазик и литература, што е предмет на овие истражувања, кои може да се користат и во други истражувања од областа на науката за литературата и методичката примена, како и за студентите на постдипломски и докторски студии;
- Изработка на неколку вида тестови за оценување на теориските и културолошките компетенции на студентите идни наставници;
- Оспособување на студентите идни наставници за изработка на модули за учење, избор и примена на современите методи и методички постапки, кои се базираат врз теориски и културолошки сознанија и на креаторите на наставниот час и на учениците.
- Издавање книга во која ќе бидат изнесени сите искуства и резултати од истражувањето. Таа би пополнила дел од празнината која постои во македонската научна и методичка мисла во врска со прагматиката, прагматичките истражувања и стекнувањето прагматичка компетенција.

**До Наставно-научниот совет на Филолошки факултет**
**Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

**Предмет**: ***Барање согласност за реализација на проект***

**Наслов на проектот:** ***Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите идни наставници***

Јас, проф. д-р Виолета Димова, главен истражувач и редовен професор во редовен работен однос на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го поднесувам ова барање до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да даде согласност за реализација на проектот со наслов *Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите идни наставници.*

**Временска рамка на проектот:** од март 2016 до март 2018 година.

**Целна група:** студенти од трета и четврта студиска година на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, како и ученици од гимназиските паралелки во Штип.

**Предмет на истражување**: Предмет на истражување на овој проект е улогата и влијанието на литературолошките и културолошките сознанија што ги стекнуваат студентите за време на студирањето и нивната практична примена во наставата по литература во средното образование.

**Цел:** Проект има две главни цели: а) да ја истражи функцијата на литературологијата и културологијата како важни компоненти во образованието на студентите на филолошките факултети; б) да ја истражи и да ја докаже нивната улога во високото образование како основа за создавање функционални методички постапки за остварување на генеричките и особено предметно-специфичните компетенции на студентите идни наставници по предметот Македонски јазик и литература.

**Истражувачки тим:** д-р Виолета Димова, д-р Луси Караниколова–Чочоровска, д-р Ранко Младеноски, м-р Весна Продановска, Сања Велкова, Делфина Николенко, Пацка Тасева.

**Штип, 08.02. 2016 година**

**Со почит,**

**проф. д-р Виолета Димова**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 08.02.2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
0801-2/4

Република Македонија
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Бр. 1902-48/15
10.02. 2016 год
Штип

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15,20/15 и 98/15 год ), а во согласност со член 39 од Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научно истражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Гласник 28/2 ноември 2013 год.), Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на својата 135-та седница одржана на ден 10.02.2016 донесе

**ОДЛУКА**
**прифаќање на научно истражувачки проект**

**Член 1**

Се усвојува Барањето бр.0801-2/4 од 08.02.2016 год., поднесено од Проф. д-р Виолета Димова , главен истражувач на научно истражувачки проект за реализација на научно-истражувачки проектот.

**Член 2**

Се прифаќа реализацијата на научно-истражувачкиот проектот со наслов: „ Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите идни наставници “ во траење од периодот март 2016 год. до март 2018 год.

**Член 3**

Проектот ќе се води во согласност со одредбите од Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 5**

Примерок од одлуката да се достави до вработената и архивата на единицата.

в.д.Декан,

Доц. д-р Драгана Кузмановска

Универзитет „Гоце Делчев“ Република Македонија Филолошки факултет Штип